

# ТАКИ ПАВЛОВСКИ
# TAKI PAVLOVSKI

# ТАКИ ПАВЛОВСКИ
# TAKI PAVLOVSKI

*МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ*
*MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE*



## *АПСТРАКТНИТЕ ЛИКОВНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ТАКИ ПАВЛОВСКИ*

*Таки Павловски е уметник со мошне широк дијапазон на ликовно изразување. Неговиот влог во македонската уметност се следи од седмата деценија наваму во слики, цртежи, графики, сценографии, инсталации. Павловски дејствуваше низ фигуративни или асоцијативно-симболични и разновидни модели на апстрактното изразување, со неизнасилено почитување на своите животни талкања, го забележи (со слободна реинтерпретација) и она што во различни слоеви на минатите времиња му открило дека има значење за неговата личност, со почит се однесувал кон изделките на анонимните народни творци; ја впивал панорамата на Македонија, на родното (разурнато) село и на други места каде што животот го однесол (на Париз, да речеме); гладно ја освојувал денешната иконосфера... А за да ја извлече визуелната суштина на епохата, односно некои нејзини најбитни белези, Павловски влегуваше во смел и непредвидлив натпревар со неа. Ја освојуваше на иманентно пластичен и естетски план. Тоа беше видливо и на неговите претходни, а особено на оваа негова изложба (1998).*

*Предметот на ликовните дела на Павловски е резиме од длабинската преработка на визуелната агресија што тој ја совладува. Ја прекројува во ликовни записи, траги, остатоци, реминисценции, треперења, дијаграми; тие можат да се згуснат во своевидни знаци или амблеми; да заличат на аморфни пластични Метафори. Но Павловски е најмногу загрижен фактурата на неговите дела или инсталации да објави професионално знаење, актуелна визуелна култура; сиот морничав татнеж на постоењето да се претвори во жизнерадосни визуелни сонати.*

*На оваа изложба Павловски претставува низа цртежи настанати во 1989 година во Охрид и крај Охридското Езеро. Тие се важна епизода во творештвото на уметникот, а се и значајна појава во сета понова македонска уметност. Пред се, во овие цртежи Павловски открива исклучителен визуелен усет, недогматски моделиран на естетиката и пластичната логика на дел од апстрактната уметност. Формално, тоа е своевидно цитирање или рециклирање на оние нејзини варијанти, во кои во ликовниот состав доминираа лирското, слободно или калиграфско простирање на линијата и бојата; а визуелната допадливост или семантичката сугестивност на вакви дела беше сметана како непрограмирана цел. Павловски оваа стратегија ја збогатил со своите занесни но непатетични мечтаења над меридионалните природни охридски убости во тоа лето на 1989 година. Ги доживеал како визуелно-филозофска квинтесенца на радоста на живеењето во ваков амбиент; при тоа (неконвенционално) бил во дијалог - а го поседува*

*и нивниот хедонистички порив- со своите големи ликовни претходници, кои беа опчинети со сродни медитерански атракции. Во допир со нив, Павловски пуштил да му виори емотивниот импулс, што сеизмографски го бележел врз белата основа. Боите се топли, рафинирано полагани низ линиите: тие меко и сензуално се извиваат, се сечат, се пресретнуваат; се сместуваат само во едно делче на ликовниот простор или богато го освојуваа или исполнуваат. Надворешно цртежите на Павловски не "опишуваат" некој препознатлив мотив: но сите заедно раскажуваат за еден сликарски летен сон, исполнет со еуфорија и благост.*

*Овие цртежи: иако се настанати неколку години пред нив; и иако во меѓувреме Павловски создаде дела со други ликовни белези (меѓу другото и некои инсталации), се пластичен модел и важен претходник за неговите слики од последните години. И овие творби на Павловски од десетата деценија припаѓаат кон нов тип апстрактен пејзажизам. Тој се јави во целиот свет како реакција на творечкиот сензибилитет спрема концептуалната рационалност и ликовната стерилност на други едовремени настојувања: проектирани често не толку во авторовата лична лабораторија - како слободен одговор на предизвиците на епохата, колку сообразно со теоретската или пазарна спекулација со сферата на визуелното творештво. Павловски ја следи повторно онаа ликовна процедура според која просторот е разбран како опсесија на целото човечко поединечно и колективно постоење низ векови: па и тој ја претвора таа опсесија во поттик за своевидна комуникација со космосот - или со земните предели видени во најнеобични констелации. Ликовната граѓа на делата на Павловски: цртежи, слики од овие години, сега многу повеќе се разлева, зашто со тој систем на дифузни, фрактални констелации полесно и речиси еротски, се освојува пределот на творбата. Нијансираните и здржани инвазии на порои или снопја на линии, петна, маси, се сменуваат со поостри пробиви во просторот; во алтернанирањето на безоблични парцели со понагласено обрабени згуснувања, напати се сугерираат биолошки констелации; а другпат, неопределени парцели - или "предели" од неспецифицирани амбиенти.*

*Во заклучокот, ќе повторам едно мое поранешно искажување за делата на овој уметник: дека "општата питомост, милозливост, духовната смиреност на ова ликовно искажување: можеби по пат на победа на сопствената животна мачнина или носталгија, е благородниот придонес на Таки Павловски во ова наше време на насилство, бес и јад и предлог човечки да се живее и во нечовечки времиња".*

***Борис Петковски***



**"Езеро"** - *циклус (блок 4), 1989*
*акрил на хартија*

***Lake - cycle** (block IV), 1989*
*acrylic on paper*



**"Раѓањето на птицата"**, *1996*
*масло на платно*

***Birth of a Bird**, 1996*
*oil on canvas*



**"Смрта на птицата",** *1996*
*масло на платно*

***Death of a Bird**, 1996*
*oil on canvas*

***THE ABSTRACT ARTISTIC RESEARCHES OF TAKI PAVLOVSKI***

*Taki Pavlovski is an artist who covers a wide field of artistic expression. His presence in the Macedonian art is being recorded since the seventh decade through paintings, drawings, graphics, settings, installations. Pavlovski applied figurative or associative-symbolic and other models of abstract expression with an unpretentious regard for his wanderings through life, recording (with a free reinterpretation) the components that seemed to be of importance for his personality and respecting the works of the anonymous folk authors: he has been absorbing the views of Macedonia, of his home (destroyed) village and of all other places where life has carried him (Paris, for example), hungrily mastering the present iconsphere... And in order to discover the visual essence of the epoch or some of its most prominent features, Pavlovski entered a daring and unpredictable competition with it. He was managing it in an immanently plastic and esthetic domain. It was obvious in his earlier exhibitions and it is especially evident at this exhibition (1998).*

*The topic of the art works of Pavlovski is a summary of the deep processing of the aggression he is trying to manage. He rearranges it into artistic items, traces, remnants, reminiscences, twinklings, diagrams; they could be condensed into specific communities or emblems; they might resemble the amorphous plastic Metaphors. But, Pavlovski is most concerned for pronouncing professional knowledge and actual visual culture of his works or installations through the fineness of his works; he tries to turn all the horrifying roar of the existence into a vigorous visual sonatas.*

*At this exhibition Pavlovski displays drawings made in Ohrid and by the Ohrid Lake in 1989. They are an important episode in the development of the artist and play a significant part in the Macedonian modern art. In these drawings Pavlovski shows an exceptional visual feeling, non-dogmatically modeled upon the esthetics and plastic logic of a part of the abstract art. Formally, it is a way of quoting or recycling of the variations where the lyrical, free or calligraphic stretching of the line and the paint are dominant in the artistic expression. However, the visual pleasantness or the semantic suggestiveness of such works was considered to be a non-programmed objective. Pavlovski enriched this strategy with his engrossed but not pathetic reveries over the beauties of the nature of Ohrid that summer of 1989. He experienced them as a visual-philosophical quintessence of the joy of living in an ambiance like that while having (unconventionally) a dialogue with*



**"Во зоната на реакторот",** *1995*
*масло на платно*

***Within the Belt of the Reactor**, 1995*
*oil on canvas*

*his great artistic predecessors - and he enjoys the same hedonistic craving - who were enchanted by similar Mediterranean attractions. Having sensed them, Pavlovski let his emotional impulse flutter, seizmographically recording its trace on the white surface. The warm colours, flowingly laid among the lines, softly and sensually bend, intersect, intercept; they occupy only a part of the artistic space or amply conquer and capture it. The appearance of Pavlovski's drawings does not "describe" any familiar motive: but, when put together, the drawings tell of a painter's summer dream, full of euphoria and tenderness.*

*Despite the fact that these drawings were made several years ago, while in the meantime Pavlovski has created works with different artistic attributes (which refers to some of his installations, as well), they are a plastic model and an important basis for his recent years' paintings. His works created in the tenth decade also belong to the new type of abstract landscape which occurred all over the world as a reaction of the creative sensibility to the conceptual rationality and artistic sterility of other coexisting attempts. They were often planned not only as a product from the artist's personal laboratory - as a free answer to the challenges of the times - but also as being compatible to the theoretical or commercial speculation with the sphere of the visual creation. Pavlovski again follows the artistic procedure where the space is taken as an obsession of the whole human particular and collective existence through centuries and he turns that obsession into a stimulus for a specific communication with the universe - or with the earthy landscapes seen in most extraordinary constellations. The artistic construction of the works of Pavlovski, the drawings and the paintings from all these years, is much more loosened now, since in that system of diffuse, fractional constellations it is easier and gives almost erotic pleasure to conquer the area of the artistic work. The nuanced and concise invasions of cloudbursts or stacks of lines, spots or piles are replaced by sharper intrusions into the space; at times the alternating of the shapeless sections with emphasized border condensing suggest biological constellations, while, at other times, the indefinite sections - or "landscapes" from unspecified ambiance are suggested.*

*As a conclusion I shall repeat my former commentary on the works of this artist: "the general tenderness, gentleness, the spiritual calmness of this artistic expression, probably reached by mastering the distress of living or the nostalgia, is the most valuable contribution of Taki Pavlovski in this time of violence, rage and misery and a proposal to live humanly in inhuman times."*

***Boris Petkovski***



**"Распетие - Водоча",** *1989*
*масло на платно*

***Crucifixion - Vodocha**, 1989*
*oil on canvas*



**"Оштетување на озонската честица"** *(диптих), 1997*
*масло на платно*



***Damage of the Ozone Particle*** *(diptych), 1997*
*oil on canvas*

ТАКИ ПАВЛОВСКИ

Роден 1939 година во с. Желин, Костурско.

Дипломирал на Академијата за применета уметност во Белград 1964 година во класата на професорот Миленко Шербан, оддел сценографија.

Бил на студијски патувања во Будимпешта, Москва, Киев и Ленинград.

Во 1975 година користи стипендија за студијски престој во Париз.

Во 1985 и 1990 година користи и сликарско ателје во Париз.

Член е на ДЛУМ од 1967 година.

Доцент е на Факултетот за ликовни умењтности во Скопје.

Живее и работи во Скопје како сценограф во Македонската Радио Телевизија.

Адреса: Иван Аговски 11 11/1, 91000 Скопје,

Бул.Партизански одреди 111 1/10, 91000 Скопје (ателје).

***САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ***

1970 Скопје,Центар за култура и информации, 11 - 20 06.1970 (30 гвашеви);

1972 Скопје, Изложбен салон ДЛУМ, 18 X-3.03.1972 (24 масла и цртежи);

1976 Скопје, Уметничка галерија, 7-25.05.1976 (57 масла);

Куманово, Уметничка галерија, 17.09-8.10.1976 (42 масла);

1977 Скопје, Изложбен салон при Домот на ЈНА, 5-15.05.1977 (27 цртежи);

1985 Краљево, Галерија народног музеја, 12-22.10.1985 (20 слики и цртежи);

Скопје, Музеј на современа уметност, 22.10-12.11.1985 (31 слика и 18 цртежи);

Куманово, Уметничка галерија 29.11-15.12.1985 (31 слика);

1987 Ауггзбург (ФРГ),Breht-Haus Galerie,6.06-12.12.1987;

Лаумберг - Стуттгарт (ФРГ);

Белград, Ликовна галерија културног центра Београд, 23.11-6 12 1987 (17 масла и цртежи);

1988 Нови Сад,Велика галерија културног центра Новог Сада, 12-27.01.1988 (17 масла и цртежи);

Сомбор, Галерија ликовне јесени Сомбор, 12-27.02.1988 (17 масла и цртежи);



**"Ембрион М" (на П.Г.),** *1995*
*масло на платно*

***Embryo M (of P.G.)**, 1995*
*oil on canvas*



**"Зачеток"**, *1996*
*масло на платно*

***Nucleus***, *1996*
*oil on canvas*

Париз,Centre Culturel Yugoslavie, 15.11-4.12.1990 (30 масла и цртежи);

1992 Скопје, Уметничка галерија;

Охрид-Фестивал Охридско лето, куќата на Уранија;

Струга-Уметничка галерија;

Битола - Уметничка галерија;

Прилеп-Културен дом "Марко Цепенков"

Т.Велес-Уметничка галерија;

1994 Скопје,Ателје-галерија Т.Аџиевски

Културно информативен центар 30 години ликовно творештво

1997 Скопје, Музеј на град Скопје (проект париски дневник) Скопско лето

1998 Истанбул, Галерија Деримод

Учествува на многубројни групни изложби во Македонија и странство

***НАГРАДИ***

1969 Скопје, Награда на НИП "Нова Македонија" на изложбата на "ДЛУМ-цртежи, графики и акварели";

1982 Скопје, Награда за сликарство "Лазар Личеноски" на 37 изложба на ДЛУМ;

1986 Скопје, Насграда за сликарство "ЛИКУМ" на Авторска агенција на 37 изложба на ДЛУМ";

Скопје, Награда за сликарство "Димитар Пандилов" на ДЛУМ, на изложбата "Сликарство мал формат";

1992 Скопје, "Гранд при" на ДЛУМ, на изложбата" I Зимски салон",



**"Тајната на шумата"**, *1995*
*масло на платно*

***The Secret of the Forest**, 1995*
*oil on canvas*



*Смрта на птицата II, 1996*
*масло на платно*

*Death of a Bird II, 1996*
*oil on canvas*

***TAKI PAVLOVSKI***

Born 1939 in the village Zelin, Kostur region

Graduated from the Academy of Applied Arts in Belgrade in 1964 in the class of professor Milenko Serban, section of set designing.

Traveled to Budapest, Moscow, Kiev and Leningrad for advanced training.

In 1957 won a travel grant for a stay in Paris.

In 1985 an 1990 works in a painting atelier in Paris,

Member of DLUM (Association of Fine Art Artists of Macedonia) since 1967.

Dean of the faculty of Fine Arts in Skopje.

Lives in Skopje and works as a set designer in the MRTV (Macedonian Radio and Television Broadcast)

Address: Ivan Agovski 11 11/1, 91000 Skopje (atelier)

***SOLO EXHIBITIONS***

| | |
|---|---|
| 1970 | Skopje, Cultural Information Center, 11 - 20. 06. 19970 (30 gouaches) |
| 1972 | Skopje, Exhibition salon of DLUM, 18 - 03. 03. 1972 (24 oil paintings and drawings) |
| 1976 | Skopje, Art Gallery, 07 - 25. 05. 1976 |
| | Kumanovo, Art Gallery, 17. 09. - 08. 10. 1976 (42 oil paintings) |
| 1977 | Skopje, Army Center Showroom, 05. - 15. 05. 1977 (24 drawings) |
| 1985 | Kraljevo, Gallery of the National Museum, 12. 10. - 12. 11. 1985 |
| | (31 painting and 18 drawings) |
| | Kumanovo, Art Gallery, 29. 10. - 15. 12. 1985 (31 painting) |
| 1987 | Augsburg (German Federal Republic) Brechthaus Galerie 06. 06. - 12. 12. 1987 |
| | Laumberg - Stuttgart (GFR) |
| | Belgrade, Art Gallery of the Cultural Center Beograd, 23. 11. - 06. 12. 1987 |
| | (17 oil paintings and drawings) |
| 1988 | Novi Sad, Large Gallery of the Cultural Center of Novi Sad, 12. - 27. 01. 1988 |
| | (17 oil paintings and drawings) |
| | Sombor, Gallery of the Artistic Autumn of Sombor, 12. - 27. 02. 1988 |
| | (17 oil paintings and drawings) |

| | |
|---|---|
| | Paris, Centre Culturel de Yougoslavie 15. 11. - 04. 12. 1990 (30 oil paintings and drawings) |
| 1992 | Skopje, Art Gallery |
| | Ohrid, Ohrid Summer Festival, Uranija house |
| | Struga, Art Gallery |
| | Bitola, Art Gallery |
| | Prilep, Cultural Center "Marko Cepenkov" |
| | Titov Veles, Art Gallery |
| 1994 | Skopje, Atelier - Gallery Tome Adzievski |
| | Skopje, Cultural Information Center: 30 years of artistic career |
| 1977 | Skopje, Museum of the City of Skopje (project: Paris diary), Skopje Summer |
| 1998 | Istanbul, Gallery Derimod |

He has also exhibited his works at many group exhibitions in Macedonia and abroad.

***AWARDS***

| | |
|---|---|
| 1969 | Skopje, Award of "Nova Makedonija" at the exhibition "DLUM - drawings, graphics and watercolors" |
| 1982 | Skopje, "Lazar Lichenoski" award for painting at the 37th exhibition of DLUM |
| 1986 | Skopje, "LIKUM" award for painting granted by the Copyright Agency at the 37th exhibition of DLUM |
| | Skopje, "Dimitar Pandilov" award for painting granted by DLUM at the exhibition "Small Scale Painting" |
| 1992 | Skopje, "Grand Prix" at the exhibition of DLUM "First Winter Salon" |

## *КАТАЛОГ*

1. **Распетие - Водоча**, *1988*
   *акрил на платно*
   *100 x 120*

2. **"Езеро"** *- циклус (блок 4), 1989*
   *акрил на хартија*
   *140 x 200*

3. **"Езеро"** *-циклус (блок 2), 1989*
   *акрил на хартија*
   *140 x 200*

4. **"Езеро"** *- циклус (диптих), 1989*
   *акрил на хартија*
   *140 x 100*

5. **"Бачило"**, *1991*
   *масло на платно*
   *70 x 100 - 1991*

6. **"Галичник"**, *1991*
   *масло на платно*
   *100 x 100*

7. **"Градбата на храмот"**, *1992*
   *масло на платно*
   *97 x 130*

8. **"Расказ за коренот"**, *1992*
   *масло на платно*
   *70 x 135*

9. **"Тајната на шумата II"**, *1992*
   *масло на платно*
   *80 x 100*

10. **"Тајната на шумата"**, *1993*
    *масло на платно*
    *97 x 130*

11. **"Еко II"**, *1994*
    *масло на платно*
    *70 x 100*

12. **"Оплодување VIII"**, *1994*
    *масло на платно*
    *97 x 130*

13. **"Оплодување X"** *(диптих), 1994*
    *маслона платно*
    *100 x 260*

14. **"Тајнатана шумата"**, *1995*
    *масло на платно*
    *130 x 162*

15. **"Раѓањето на птицата"**, *1996*
    *масло на платно*
    *97 x 130*

16. **"Смрта на птицата",** *1996*
    *масло на платно*
    *97 x 130*

17. **"Смрта на птицата II"**, *1996*
    *масло на платно*
    *130 x 162*

18. **"Зачеток"**, *1996*
    *масло на платно*
    *130 x 162*

19. **"Оплодување IX"**, *1997*
    *масло на платно*
    *110 x 140*

20. **"Големиот ореол"**, *1997*
    *масло на платно*
    *120 x 140*

21. **"Светлоста на планината"**, *1997*
    *масло на платно*
    *120 x 140*

22. **"Патувања - Трескавец"**, *1997*
    *масла на платно*
    *80 x 100*

23. **"Бела слика"**, *1997*
    *комбинирана техника*
    *120 x 140*

24. **"Изгубената градина"** *(триптих), 1997*
    *масло на платно*
    *72 x 303*

25. **"Оштетување на озонската честица"** *(диптих), 1997*
    *масло на платно*
    *72 x 202*

***CATALOGUE***

1. ***Crucifixion - Vodocha**, 1988*
*acrylic on canvas*
*100 x 120 cm*

2. ***Lake - cycle** (block IV), 1989*
*acrylic on paper*
*140 x 200 cm*

3. ***Lake - cycle** (block II), 1989*
*acrylic on paper*
*140 x 200 cm*

4. ***Lake - cycle** (diptych)*
*acrylic on paper*
*140 x 100 cm*

5. ***Sheepfold**, 1991*
*oil on canvas*
*70 x 100 cm*

6. ***Galichnik**, 1991*
*oil on canvas*
*100 x 100 cm*

7. ***Building of the Temple**, 1992*
*oil on canvas*
*97 x 130 cm*

8. ***Tale of the Root**, 1992*
*oil on canvas*
*70 x 135 cm*

9. ***The Secret of the Forest II**, 1992*
*oil on canvas*
*80 x 100 cm*

10. ***The Secret of the Forest**, 1993*
*oil on canvas*
*97 x 130 cm*

11. ***Eco II**, 1994*
*oil on canvas*
*70 x 100 cm*

12. ***Insemination VIII**, 1994*
*oil on canvas*
*97 x 130 cm*

13. ***Insemination X** (diptych), 1994*
*oil on canvas*
*100 x 260 cm*

14. ***The Secret of the Forest**, 1995*
*oil on canvas*
*130 x 162 cm*

15. ***Birth of a Bird**, 1996*
*oil on canvas*
*97 x 130 cm*

16. ***Death of a Bird**, 1996*
*oil on canvas*
*97 x 130 cm*

17. ***Death of a Bird II**, 1996*
*oil on canvas*
*130 x 162 cm*

18. ***Nucleus**, 1996*
*oil on canvas*
*130 x 162 cm*

19. ***Insemination IX**, 1997*
*oil on canvas*
*110 x 140 cm*

20. ***The Great Aureole**, 1997*
*oil on canvas*
*120 x 140 cm*

21. ***The Light of the Mountain**, 1997*
*oil on canvas*
*120 x 140 cm*

22. *Traveling - Treskavec, 1997*
*oil on canvas*
*80 x 100 cm*

23. ***White Painting**, 1997*
*mixed media*
*120 x 140 cm*

24. ***Lost Garden** (Triptych), 1997*
*oil on canvas*
*72 x 303 cm*

25. ***Damage of the Ozone Particle** (diptych), 1997*
*oil on canvas*
*72 x 202 cm*

*Организација : Музеј на град Скопје, Скопје*
*Издавач: Музеј на град Скопје*
*Одговорен уредник: Климе Коробар*
*Предговор: Проф. Д-р Борис Петковски*
*Организација на изложбата во Истанбул: Фросина Зафировска*
*Превод: Маја Хаџимитрова Иванова*
*Слајдови: Марин Димески*
*Портрет на Т. Павловски - Благоја Дрнков*
*Дизајн и припрема на каталогот: Фросина Зафировска*
*Печати: Фонко*
*Скопје февруари 1998*

*Organization : Museum of the City of Skopje*
*Publisher: Museum of the City of Skopje*
*Editor in Chief: Klime Korobar*
*Preface: Prof. Ph.D. Boris Petkovski*
*Organization of the exhibition in Istanbul: Frosina Zafirovska*
*Translation: Maja Hadzimitrova Ivanova*
*Slides: Marin Dimeski*
*Portrait of T. Pavlovski - Blagoja Drnkov*
*Lay - out: Frosina Zafirovska*
*Printed by: Fonko*
*Skopje February 1998*

*Изложбата и каталогот се помогнати од Министерството за култура на Република Македонија*

*The exhibition and the catalogue are supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia*

ISBN 9989-612-26-9

